Универзитетски гласник

*Издавач*
**Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ - Скопје**

*Уредник на издавачката дејност на УКИМ*
**Проф. д-р Биљана Ангелова, ректор**

*Уредник на Универзитетски гласник*
**м-р Марија Маневска, генерален секретар**

*Лектор*
**Весна Илиевска Цветановска**

*Техничко уредување*
**Зоран Кордоски**
**м-р Елизабета Додевска**

# С Т А Т У Т
## на Универзитетското студентско собрание на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје
## (пречистен текст)

Врз основа на член 36, став 7 од Законот за високото образование (Службен весник на Република Македонија бр. 82/2018), Универзи-тетското студентско собрание, на седницата на Собранието одржана на 15.11.2023 година и по добиената согласност од Сенатот на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, бр. 02-1146/35 од 30.10.2023 година, утврди

**С Т А Т У Т**
**на Универзитетското студентско собрание на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје**
(**пречистен текст**)

## I. ОСНОВНИ ОДРЕДБИ

**Предмет на уредување**

**Член 1**

Со овој статут се уредуваат: составот, надлежноста, начинот на работа, називот и седиштето, начинот на предлагање и избор на претставници на студентите од факултетските студентски собранија во Универзитетското студентско собрание на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје (во понатамошниот текст: Универзитетско студентско собрание), начинот на избор и разрешување на претставни-ците на студентите во органите и телата на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје (во понатамошниот текст: Универзитетот), начинот на избор и разрешување на студентски правобранител, финансирањето, како и други прашања што се од значење за работата на Универзитетското студентско собрание.

**Избирачко право**

**Член 2**

Право да избира и да биде избран за претседател или член на Универзитетското студентско собрание имаат сите студенти на Универзитетот, кои се запишани на факулте-тите во состав на Универзитетот во учебната година/семестар во кој се спроведуваат избори.

**Мандат**

**Член 3**

Мандатот на претседателот и на членовите на Универзитетското студентско собрание е една година, со право на уште еден избор.

**Права и обврски на избраните претставници**

**Член 4**

Избраните претставници на студентите во Универзитетското студентско собрание имаат право и обврска до учествуваат во неговата работа, да ги штитат интересите на студентите, да избираат претставници во органите и телата на Универзитетот и да се самоорганизираат.

Избраните претставници во органите и телата на Универзитетот имаат право и обврска активно да учествуваат во работата на органите и телата за коишто се избрани.

**Статус на Универзитетското студентско собрание**

**Член 5**

Универзитетското студентско собра-ние е тело на Универзитетот во кое членуваат претставници на студентите и нема својство на правно лице.

**Застапување и претставување**

**Член 6**

Универзитетското студентско собра-ние е претставувано и застапувано од страна на претседателот.

**Назив и седиште**

**Член 7**

Полниот назив на Универзитетското студентско собрание е:

Универзитет „Св. Кирил и Методиј” во Скопје, Универзитетско студентско собрание.
Скратениот назив е: УСС – УКИМ.

Седиштето на Универзитетското студентско собрание е на ул. „Митрополит Теодосиј Гологанов“ бр. 28/13 (Палата „Кузман“), 1000 Скопје.

**Печат**

**Член 8**

Универзитетското студентско собра-ние има свој печат со тркалезна форма, на кој во два концентрични круга е напишано: во надвореш-ниот круг - Универзитет „Св. Кирил и Методиј” во Скопје, во внатрешниот круг – Универзитетско студентско собрание. Во средината се наоѓа кратенката: УСС – УКИМ.

**Штембил**

**Член 9**

Штембилот на Универзитетското студентско собрание е правоаголен, со димензии 5,5 см со 3,5 см, и ги содржи зборовите напишани на кирилица:

Универзитет „Св. Кирил и Методиј" во Скопје Универзитетско студентско собрание

**Број**

20 година

**Штембилот се употребува за архивско работење.**

**Јавност во работата**

**Член 10**

Работата на Универзитетското студентско собрание е јавна.

Јавноста во работењето се обезбедува со редовно известување на студентите запишани на Универзитетот, како и пошироката јавност за сите облици на работење на членовите на Универзитетското студентско собрание, за работата на претставниците на студентите во органите и телата на Универзитетот, за материјално финансиското работење и за други активности утврдени со овој статут.

Јавноста на работењето се обезбедува со објавување на интерните акт, одлуките и годишниот финансиски извештај на веб-страницата на Универзитетот.

За информирањето на членовите и пошироката јавност може да се користи Студентско радио, веб-страницата, студентски весник, како и други средства за информирање.

## II. НАДЛЕЖНОСТ

**Член 11**

**Универзитетското студентско собрание:**

- донесува статут и негови измени и дополнувања по претходна согласност од Сенатот на Универзитетот;
- избира и разрешува студентски претставници за членови во Сенатот и телата на Универзитетот;
- донесува план и програма за работа за период од една година;
- предлага студентски правобранител;
- се грижи за квалитетот на животот на студентот и квалитетот на процесот на студирање, студентскиот стандард, остварувањето на студентските права и интереси и за студентската културна, социјална и интелектуална надоградба;
- им предлага на органите на Универзитетот план за финансирање на студентските активности;
- поттикнува студентски активности надвор од наставниот процес;
- избира членови во Комисијата за спроведување на изборите за членови во органите и телата на Универзитетот;
- го разгледува и го усвојува извештајот за работа на Универзитетското студентско собрание и го доставува до Универзитетот;
- го разгледува и го усвојува годишниот финансиски извештај;
- одлучува за зачленување во регионални и меѓународни студентски организации;
- формираа комисии;
- донесува деловник;
- врши и други работи утврдени со овој статут, Статутот на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје и другите акти, како и законите.

## III. НАЧИН НА РАБОТА

**Член 12**

Универзитетското студентско собрание работи на седници, кои по правило се одржуваат најмалку еднаш месечно (освен во месеците јули и август).

Седниците на Универзитетското студентско собрание се свикуваат од страна на претседателот. Одлуките и записниците од седниците се потпишуваат од страна на претседателот.

**Член 13**

Претседателот на Универзитетското студентско собрание е должен да свика седница по иницијатива на најмалку 1/3 (една третина) од вкупниот број членови на Универзитетското студентско собрание.

**Член 14**

Универзитетското студентско собрание работи и одлучува доколку се присутни повеќе од половината од вкупниот

број членови, а одлуките се донесуваат со мнозинство гласови од присутните.

По исклучок од став 1 на овој член, донесувањето на Статутот и неговите измени и дополнувања е со 2/3 мнозинство од вкупниот број членови на Универзитетското студентско собрание.

По исклучок на став 1 од овој член, изборот и разрешувањето на претседателот е со мнозинство од вкупниот број членови на Универзитетското студентско собрание.

**Член 15**

Начинот на работа и одлучувањето на Универзитетското студентско собрание поблиску се уредуваат со деловник.

## IV. СОСТАВ И ИЗБОР НА ЧЛЕНОВИ

**Состав**

**Член 16**

Универзитетското студентско собрание го сочинуваат по два претставника на студен-тите, членови на факултетските студентски собранија.

Вкупниот број претставници на студен-тите во Универзитетското студентско собрание изнесува 46.

**Избор**

**Член 17**

Изборите за членови во Универзитетското студентско собрание се спроведуваат од страна на факултетските студентски собранија, најдоцна во рок од 7 дена од конституирањето на факултетските студентски собранија.

Деканот свикува седница и ги спроведува изборите на факултетското студентско собрание кое не извршило избор на двајца претставници за членови во Универзитетското студентско собрание, во рокот од став 1 на овој член.

**Член 18**

Изборот од член 16 од овој статут се уредува со статут на факултетското студентско собрание.

**Конститутивна седница**

**Член 19**

По завршувањето на изборот на претставниците на студентите од факултетските студентски собранија, Универзитетското студентско собрание одржува конститутивна седница во рок од 15 дена од денот на завршените избори, на која се верифицираат мандатите на членовите.

Ректорот ја свикува конститутивната седница.

Со конститутивната седница претседава претседавач, избран од редот на членовите на Универзитетското студентско собрание.

Верификацијата на мандатот ја врши верификациона комисија од 3 члена, избрана со јавно гласање од членовите на Универзитетското студентско собрание.

Верификационата комисија нема да изврши верификација на мандат ако избраниот студент не ги исполнува условите за избор.

Членот чиј мандат не е верификуван, не се смета за кворум при работа и одлучување на Универзитетското студентско собрание.

**Престанок на мандат**

**Член 20**

На член на Универзитетското студентско собрание му престанува мандатот ако:

- дипломира, магистрира или докторира;
- му престане статусот на студент согласно со закон или актите на Универзитетот или факултетот;
- поднесе оставка;
- за сторена дисциплинска повреда му е изречена дисциплинска мерка – исклучување;
- му истече мандатот;
- неоправдано отсуствува на 3 последователни седници.

## V. ПРЕТСЕДАТЕЛ

**Избор на претседател**

**Член 21**

Претседателот на Универзитетското студентско собрание се избира од редот на именуваните претставници – членови во Универзитетското студентско собрание, со тајно гласање.

**Член 22**

Кандидирањето на кандидати за претседател е на конститутивната седница на Универзитетското студентско собрание со самокандидирање.

На седницата од став 1 од овој член, се определува рокот за доставување на програмата за работа на кандидатите за претседател на Универзитетското студентско собрание

Изборот на претседател на Универзитетското студентско собрание се врши на седница за избор на претседател на Универзитетското студентско собрание.

Седницата од став 3 на овој член се одржува на датум утврден на конститутивната седница на Универзитетското студентско собрание.

Седницата за избор на претседател на Универзитетското студентско собрание се одржува најмалку 3 работни дена по одржувањето на конститутивната седница на Универзитетското студентско собрание.

За претседател на Универзитетското студентско собрание може да се кандидира секој од членовите на Универзитетското студентско собрание.

**Член 23**

Изборите за претседател на Универзитетското студентско собрание ги спроведува изборна комисија од 3 члена.

Изборната комисија од став 1 на овој член:

- ја спроведува постапката за избор;
- го составува записникот за резултатите од гласањето за претседател на Универзитетското студентско собрание и за крајниот резултат;
- ги утврдува резултатите од гласањето;
- врши и други работи утврдени со овој статут.

Комисијата од став 1 на овој член составува записник за текот и резултатите од изборите.

Согласно со записникот од став 2 на овој член, Универзитетското студентско собрание донесува одлука за избор за претседател.

**Надлежност на претседателот**

**Член 24**

Претседателот на Универзитетското студентско собрание:

- ги свикува седниците на Универзитетското студентско собрание и заседава со седниците;
- ги потпишува актите што ги донесува Универзитетското студентско собрание;
- ги извршува одлуките и заклучоците на Универзитетското студентско собрание;
- ги застапува интересите на студентите на Универзитетот во Универзитетското студентско собрание;
- одговорен е за работата на Универзитетското студентско собрание;
- член е на Ректорската управа и активно учествува во работата на Ректорската управа;
- врши и други работи од својата надлеж-ност согласно со овој статут, Статутот и другите акти на Универзитетот.

Во отсуство или попреченост при работата, сите надлежности на претседателот на УСС – УКИМ ги презема негов заменик, именуван како заменик-претседател;

За координација помеѓу сите факултетски студентски собранија при УКИМ и УСС – УКИМ, деканатските управи и Ректорската управа на Универзитетот е задолжен секретарот на Универзитетското студентско собрание.

**Престанок на мандатот**

**Член 25**

На претседателот на Универзитетското студентско собрание, мандатот му престанува во случаите утврдени со член 20 од овој статут.

Во случај на предвремен престанок на мандатот, Универзитетското студентско собрание избира нов претседател во рок од 15 дена од престанокот на мандатот.

Ако Универзитетското студентско собрание не изврши избор на нов претседател во рокот од став 1 на овој член, ректорот во рок 7 дена од истекот на рокот закажува седница на Универзитетското студентско собрание, на која се врши изборот.

Мандатот на новоизбраниот претседател е до истекот на мадатот на Универзитетското студентско собрание.

**Разрешување на претседателот**

**Член 26**

Образложен предлог за разрешување на претседател на Универзитетското сту-

дентско собрание може да поднесат 1/3 од вкупниот број членови на Универзитетското студентско собрание.

Предлогот за разрешување на претседател на Универзитетското студентско собрание се разгледува на посебна седница, свикана за разгледување на предлогот од став 1 на овој член и одлучување по него.

Предлогот од став 1 на овој член се усвојува со мнозинство од вкупниот број членови на Универзитетското студентско собрание.

Доколку предлогот од став 1 на овој член не биде усвоен, нов предлог за разрешување не може да биде повторно предложен во наредните 3 месеци.

## VI. ИЗБОР НА ПРЕТСТАВНИЦИ НА СТУДЕНТИТЕ ВО ОРГАНИТЕ И ТЕЛАТА НА УНИВЕРЗИТЕТОТ

**Избор**

**Член 27**

Универзитетското студентско собрание, од редовите на студентите запишани на некои од факултетите на Универзитетот, избира членови во Сенатот на Универзитетот, како и во комисиите каде што, согласно со Статутот на Универзитетот, има член – претставник од редовите на студентите.

**Член 28**

Изборот на претставници на студентите за членови во Сенатот и во телата на Универзитетот се врши најдоцна 1 месец пред истекот на мандатот на тековните членови.

Ако Универзитетското студентско собрание не изврши избор во рокот од став 1 на овој член, ректорот во рок 7 дена од истекот на рокот закажува седница на Универзитетското студентско собрание, на која се врши изборот.

Изборот на студентите за членови во Сенатот и во телата на Универзитетот се врши на седница на Универзитетското студентско собрание.

**Член 29**

За извршениот избор од членот 28 од овој статут, претседателот на Универзитетското студентско собрание доставува потпишана и заверена одлука за изборот на претставници за секој орган или тело поединечно, при што се наведуваат името и презимето на избраните студенти, на кој факултет е студент и бројот на индекс.

**Права и должности на избраните членови**

**Член 30**

Претставниците на студентите членови во органите и телата на Универзитетот имаат право и должност да ги застапуваат интересите на студентите, редовно да присуствуваат на седниците и активно да учествуваат во работата на органите и телата на Универзитетот.

Мандатот на членовите во органите и телата на Универзитетот е утврден со Статутот на Универзитетот.

**Престанок на мандат**

**Член 31**

На претставник на студентите – член во органите и телата на Универзитетот, мандатот му престанува во случаите утврдени со член 20 од овој статут.

Ако на претставник на студентите – член во органите и телата на Универзитетот предвреме му престане мандатот, претседателот на Универзитетското студентско собрание во рок од 7 дена го известува ректорот за престанокот.

Универзитетското студентско собрание, во рок од 14 дена од престанокот на мандатот на членот избран во органите и телата на Универзитетот, избира нов преставник.

Ако Универзитетското студентско собрание не изврши избор во рокот од став 3 на овој член, ректорот во рок од 7 дена од истекот на рокот закажува седница на Универзи-тетското студентско собрание, на која се врши изборот.

**Разрешување на претставник на студентите во органите и телата на Универзитетот**

**Член 32**

За разрешување на претставник на студентите во органите и телата на Универзитетот се применува постапката утврдена со член 26 од овој статут.

## VII. ФИНАНСИРАЊЕ

**Член 33**

Работата на Универзитетското студентс-кото собрание се финансира од:

- средства на Универзитетот,
- легати,
- подароци,
- завештанија,
- спонзорства,
- прилози и други извори.

**Член 34**

Користењето и располагањето со средствата од член 33 се врши согласно со финансискиот годишен план и програма.

Универзитетското студентско собрание автономно одлучува за финансиските средства за секоја активност поодделно, земајќи ја предвид целисходноста на користењето на средствата и оправданоста на финансирањето на одредена активност.

Универзитетот има право да врши надзор над наменското трошење на средствата што му ги доделува на Универзитетското студентско собрание, преку барање за доставување на финансиски извештаи.

Универзитетското студентско собрание, по предлог на претседателот, усвојува извештај за трошењето на средствата.

## VIII. СТУДЕНТСКИ ПРАВОБРАНИТЕЛ

**Член 35**

Универзитетското студентско собрание распишува конкурс за избор на студентски правобранител, со мандат од две години, без можност за реизбор.

Конкурсот од став 1 на овој член се објавува на веб-страницата на: Универзитетот, Универзитетското студентско собрание, факул-тетите и веб-страниците на факултетските студентски собранија.

Пријавените кандидати за студентски правобранител мора да се редовни студенти на еден од факултетите во состав на Универзитетот.

**Член 36**

Изборот на студентскиот правобранител се врши од страна на Сенатот, по предлог од Универзитетското студентско собрание.

**Член 37**

Надлежноста, условите за избор, постапката за избор и разрешување, како и работата на студентскиот правобранител и замениците студентски правобранители, се утврдуваат со акти на Универзитетот, неговите единици и Универзитетското студентско собрание.

**Член 38**

За својата работа, студентскиот правобранител поднесува годишен извештај до Сенатот на Универзитетот.

## IX. КОМИСИИ И ПОТПРЕТСЕДАТЕЛИ

**Член 39**

Универзитетското студентско собрание може да формира комисии со цел студентите подобро да се организираат, да се информираат и да се подобри нивниот студентски живот.

**Член 40**

Комисиите се формираат согласно со потребите на студентите и согласно со програмата за работа.

Универзитетското студентско собрание формира комисии за:

- наука;
- настава;
- финансии;
- внатрешна соработка;
- надворешна соработка;
- и други комисии согласно со потребите на Универзитетското студентско собрание.

Комисиите од став 2 на овој член се формираат со одлука на Универзитетското студентско собрание.

Претседателот на Универзитетското студентско собрание именува претседатели на комисиите од став 1 на овој член, кои ја раководат и координираат нивната работа.

Комисиите, најмалку два пати годишно, доставуваат извештај за својата работа до Универзитетското студентско собрание.

Претседателот на Комисијата е одговорен за работата на комисијата.

## X. ПРИМЕНА НА ДРУГИ АКТИ

**Член 41**

За сето она што не е регулирано со овој статут, се применуваат одредбите од Законот за високото образование и Статутот на Универзитетот.

## XI. ПРЕОДНИ И ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

**Член 42**

Универзитетското студентско собрание го донесува Статутот по претходна согласност од Универзитетскиот сенат.

**Член 43**

Мандатот на членовите во Универзитетското студентско собрание, избрани пред влегувањето во сила на овој статут, трае до конституирањето на ново Универзитетско студентско собрание, за кое изборите ќе се спроведат во ноември 2020 година.

**Член 44**

Овој статут влегува во сила со денот на неговото донесување од страна на Универзитетското студентско собрание.

**П р е т с е д а т е л**
**Александар Николовски, с.р.**

___________________________________________

**Пречистениот текст опфаќа:**

- Статут на Универзитетското студентско собрание на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје (Универзитетски гласник бр. 534/2020);
- Статутарна одлука за дополнување на Статутот на Универзитетското студентско собрание на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје (Универзитетски гласник бр. _____/2024).

-